Република Македонија
Министерство за финансии

ДО: Здружение на внатрешни ревизори на Македонија
ул. 11 октомври 52А/1-3, Скопје

Бр.13-10033/2
Скопје__.__.2017 година
06-11-2017
Република Македонија
Министерство за финансии
ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 300
Факс:++ 389 2 3255 721
Е-пошта: finance@finance.gov.mk
Веб страна:finance.gov.mk

Врска: Допис од Влада на Република Македонија бр. 43-5948/2 од 04.10.2017 година

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија-Одделение за соработка со невладини организации со кое предлагате измени и дополнувања на Законот за банките, Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Ве известуваме за следното:

1. Професијата овластен ревизор во Република Македонија е уредена со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 , 192/15 и 23/16). Согласно Законот за ревизија, со статус овластен ревизор се стекнува лице кое има добиено лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и кое е регистрирано во Регистарот на овластени ревизори. Советот издава лиценца за овластен ревизор на лице кое претходно се стекнало со уверение за ревизор издадено од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и кое има најмалку три години работно искуство на работи на ревизија од кои две години под надзор на овластен ревизор.

Исто така, во Законот за ревизија е уредено и признавањето на квалификацијата за ревизор стекната во странство. Имено, лице кое има квалификација за ревизор стекната во странство, со стандарди кои не се пониски од стандардите што се бараат со Законот за ревизија и кое успешно ги положило испитите од областа на законската регулатива на Република Македонија, по добивањето на уверението за ревизор и по наврешени три години работно искуство на работи на ревизија од кои две години под надзор на овластен ревизор, лицето се стекнува со лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Имајќи го предвид начинот и условите за стекнување на звањето овластен ревизор, како и одобрување на квалификациите за ревизор стекнати во странство, укажуваме дека признавањето на квалификацијата Овластен внатрешен ревизор (CIA Certified Intenal Auditor) и други сертификати кои ги нуди IIA Global, како и други сертификати од професионални организации (во согласност со IIA стандардот 1210-Способност), треба да се уреди со закон.

Република Македонија
Министерство за финансии

Со оглед на тоа што Службата за внатрешна ревизија со сите нејзини обврски и одговорности е уредена во Законот за трговските друштва, сметаме дека дефинирањето на начинот и условите за стекнување квалификација внатрешен ревизор, како и признавање на квалификацијата за внатрешен ревизор стекната во странство треба да се уредат во Законот за трговските друштва, а не во поединечни закони.

2. Во врска со предлогот за измена на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, известуваме дека Министерството за финансии е во фаза на подготовка на нов стратешки документ „Политики за јавна внатрешна финансиска контрола во периодот од 2018 до 2020 година" (PIFC Policy Paper 2018-2020) во кој ќе бидат дефинирани и активности поврзани со подготовка на нов Закон за системот на внатрешни контроли во јавниот сектор.

Министерството за финансии внимателно ќе ги разгледа предлозите на Здружението во врска со внатрешната ревизија во јавниот сектор и истите ќе ги има предвид при изготвувањето на горенаведените документи.

Со почит,

Елена Трпковска
Државен секретар

Изработил: Дијана Дамјаноска
Одобрил: Ленче Тагасовска
Трајко Спасовски
Согласен: Виолета Стојановска Петровска